Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалникот на Општина Карпош**, на ден 20.07.2018 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Детален урбанистички план за Градска четврт ССИ 03 Блок 4, (локалитет Касарна Илинден), општина Карпош-Скопје, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Карпош www.karpos.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план, за Градска четврт ССИ 03 Блок 4, (локалитет Касарна Илинден), општина Карпош- Скопје, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: бидејќи во планскиот документ кој се донесува нема промена на намените од важечкиот ДУП за касарна Илинден- северен дел, има за цел рационално користење на земјиштето, се дефинираат и оформуваат урбанистички парцели, со што се решаваат имотно правните работи на сопствениците од катастарските парцели, намената на земјиштето нема да трпи промени .
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Органот на државната управа надлежен за работите во областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 45-4187/4 од 20.07.2018 год,
с.р
Место Скопје

Име и презиме

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ